- Ѕвезди и филм

ВРАЌАЊЕ ПАРИ ПРИ СЕКОЕ КУПУВАЊЕ*
*Само кај Трговските Партнери на Lyoness

ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА

# Времето фатено во „Времелов“

Во организација на Н.У. Центар за култура „Кочо Рацин“ во Кичево на 24 април 2015 година (петок), во 19 часот, ќе биде отворена самостојната изложба „Времелов“ на академската уметничка Ана Ивановска.




Ана Ивановска (Скопје, 1982) дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (2006) во класата на проф. м-р Благоја Маневски, отсек сликарство со насока конзервација и реставрација. Во 2007 година ги завршува испитите за педагошко-психолошка и методска подготовка (Педагошки оддел) на истиот факултет. Постдипломските студии на отсек сликарство ги завршува во 2011 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје кај проф м-р Благоја Маневски.

Член е на Друштвото на ликовни уметници (ДЛУМ) и еден од основачите на уметничката група и уметничкиот простор „Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т.“ во Скопје, 2009 год. како и еден од седумте членови на групата „Моми“ основана во 2012 год. Добитник е на наградата „Денес“ за млад ликовен уметник од Центарот за современи уметности (ЦАЦ) во 2008 год. како и на неколку стипендии за уметнички престој на резиденс-програмите во Париз (2014), Виена (2011) и Њујорк (2009). Ана Ивановска беше претставник на Р. Македонија на интернационалниот натпревар на 7-мото издание на Франкофонските игри во област скулптура – инсталација во Ница, Франција во 2013 година.

Нејзините дела се претставувани на повеќе самостојни и групни изложби, проекти, перформанси, колонии, уметнички работилници во Македонија (Скопје, Штип, Виница, Куманово, Кавадарци, Охрид, Гевгелија, Берово) и надвор од земјата (Њујорк (САД), Канада, Франција, Холандија, Данска, Русија, Монголија, Кина, Австрија, Италија, Азербејџан, Чешка, Црна Гора, Косово, Хрватска и Бугарија).

„Времето што го живееме е двосмислено до бесконечност, времето е од сомнителна природа, не само што е, наспроти иднината и зачувувањето, повеќе ’она што треба да биде-футурицијаʻ само по себе е прогрес и регрес, додека истовремено е развој и стареење, животот се реализира само по себе и се збогатува постојано преку синтеза и учење - консумирајќи си ги на овој начин можностите и приближувајќи се така до неантот (ништожноста). ...Времеловот е симбиозата на настанувањето и меморијата, а резултатот е доживувањето и искуството, затоа човекот толку мал го краси делото, т.е. дејствието, т.е. искуството, алтернативата“, напиша м-р Александар Зиков по повод изложбата на Ана Ивановска.

MKD.mk
Like 99,499

Recommend 0 Tweet 0 +1 0

## Сподели

Share 0 Tweet 0

## Ликовна уметност

Колективен портрет на себеприкажувањето во делата...
Уметноста може да го изрази заедничкиот стремеж...
Министерката за култура во посета на македонското...
Студиото „Принт Нест“ од Софија изложува во...
Уметничко толкување, преиспитување и рефлексија...

## Објавено на

24 Април 2015 - 17:31